**До Собранието на**
**АД Фустеларко Борец**

# И З В Е Ш Т А Ј
## За работата на Надзорниот одбор во 2010 година

Согласно обврските од членовите 249, 380, и 381 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на АД ,,Фустеларко Борец,, - Битола вршеше надзор врз работењето на друштвото во изминатата 2010 година.

За секое изминато тромесечие, Управниот одбор на Надзорниот одбор му поднесуваше извештај за работата на друштвото, а по истекот на деловната година поднесена е и годишна сметка, ревидиран финансиски извештај и годишен извештај за работата на друштвото.

Надзорниот одбор во претходната деловна година на своите состаноци ги разгледуваше поднесените пишани извештаи за работењето на Управниот одбор како и прашања од надлежност на овој орган.

Последниот состанок на Надзорниот одбор е одржан на 08.03.2011 година, кој е и задолжителен во рок од 30 дена пред одржување на годишното Собрание на акционери.

Според извршениот надзор, Надзорниот одбор констатира дека во извештајот од овластениот ревизор Димитров, годишната сметка е правена според важечките законски прописи и усвоените сметководствени стандарди. На самиот состанок се одобри ревидираниот финансиски извештај за 2010 година и истиот е доставен на усвојување на годишното Собрание на акционери.

При разгледувањето на годишниот извештај за работата на Управниот одбор во претходната деловна година, органот на управување објективно ги презентира и ги објасни главните фактори и околности коишто влијаеа на производството во 2010 година.

Споредбено со 2009 година, крајниот финансиски резултат е зголемен за 330%.

Показателите потврдуваат дека друштвото има финансиска стабилност и ликвидност со зголемена вкупна актива за 19,7%, со 64% тековни средства и со 36% постојани средства. Параметрите покажуваат висок степен на самофинансирање на друштвото, висок степен на општа и тековна ликвидност, брзо и навремено извршување на обврски и работи со позитивен финансиски резултат.

Надзорниот одбор ја подржа идејата за одобрување на кредитните линии на Македонска банка за подршка на развој и планираната набавка на машина за офсетно печатење се реализира со цел да се придобијат нови потенцијални купувачи и задоволување на софистицирани барања иако кризата посебно во кондиторската индустрија рапидно расте.

Од страна на Надзорниот одбор, по разгледувањето на приложените показатели, беше одобрен поднесениот годишен извештај за работењето на Управниот одбор за 2010 година и истиот пропратен до Собранието на акционери на негово усвојување.

**Април 2011**

**Претседател на Надзорен одбор**

**/ Петковски Јане /**